**From:** [redacted]
**Sent:** [redacted]
**To:**[redacted]
**Subjec**[redacted]

Почитувани,

Пред Основен граѓански суд се води спор заведен под број [redacted] каде [redacted] се јавува [redacted] експорт-импорт Скопје против нашиот клиент [redacted] по основ враќање на подвижна ствар со вредност на спор во износ од 1.451.400,00 денари. Од доказите кои тужителот ги приложил, не може да се утврди кој е сопственик на машинатата „Шредер" за сечење и балирање на железо, која е предмет на спорот, и под кои услови му се одобрени средства за купување на истата машина преку проектот „Проект Ррециклирај дома".

Ве молиме врз основа на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а за потребите на судската постапка да ни ги доставите следните информации :

1. Под кои услови е одобрен проектот „Проект Рециклирај дома"?
2. Дали во рамките на проектот е вклучено и купување на машина за сечење и балирање на железо марка „Шредер"?
3. Кои средства се купени во рамки на проектот „Проект рециклирај дома" и дали постојат ограничувања со правото на располагање на средствата во рамки на проектот, односно дали постои забрана за нивно отуѓување?

Во прилог Ви доставуваме копија од тужбеното барање.

Со почит,

[redacted]

--

[redacted]

Фондот за иновации и технолошки развој постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] од [redacted] ул.[redacted] бр.[redacted] со е-пошта [redacted] со архивски број [redacted] од [redacted] година, согласно член 20 став (1), член 21 став (1) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19) на ден 18.10.2022 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за позитивен одговор за Барањето за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] **СЕ УВАЖУВА**.

2. Фондот за иновации и технолошки развој располага со бараните информациите.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Фондот за иновации и технолошки развој, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Фондот за иновации и технолошки развој го разгледа предметното барање и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно со Решението за позитивен одговор се доставуваат информациите кои претставуваат информации од јавен карактер:

Фонд за иновации и технолошки развој доделува финансиски средства согласно Законот за иновациската дејност, а преку објавување на јавен повик. Во рамки на Јавниот повик за доделување на средства преку Инструментот за поддршка – „Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста“ се јавува правното лице ВИТ СОЛУШН ДОО експорт-импорт Скопје со проектот „Рециклирај дома“.

Проектот „Рециклирај дома“ е одобрен за финансирање согласно критериумите и условите за доделување на средства кои се предвидени со „Правилникот за Инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за поддобрување на иновативноста„ бр.01-412/13 од 16.04.2018 година.

За доделената финансиска поддршка, а со цел утврдување на роковите и условите за користење на средствата како и правата и обврските кои произлегуваaат од истите Фондот и корисникот имаат склучено Договор за доделување средства преку Инструментот за поддршка – „Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста“ бр.09-533/1 од 12.02.2019 година.

Финансиската поддршка доделена за проектот со назив „Рециклирај дома“ се однесува на „Развој на интернет платформа и мобилна апликација „Рециклирај дома“ која има за цел да се реши проблемот со големото количество ѓубре од домаќинствата преку услугата за собирање на рециклиран или сортиран отпад директно од адресата на живеење и достава до фабриките за рециклирање“.

Истата е во износ од 19.880.686,70 денари кои се обезбедени од страна на Фондот, додека останатиот износ од 8.520.294,30 денари е сопствено кофинансирање од страна на корисникот.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik
Бр./Nr. [redacted]
[redacted] год/viti
Скопје-Shkup

Проектот „Рециклирај дома" корисникот успешно го реализираше согласно утврдените услови.

Дополнително, во интерес на барателот на информацијата се укажува на член 26 став (6) од Правилникот за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста, кој гласи: „Доколку Корисникот има намера да ги пренесе активностите надвор од земјата и/или Корисникот има намера да го пренесе правото на сопственост и/или правото на користење на резултатите од проектот и/или на технологијата / производите / услугите набавени за време на проектот надвор од земјата на било кој начин, Корисникот има обврска да го извести Фондот и да побара претходно одобрение од страна на Комитетот согласно Договорот за доделување средства."

**Упатство за правно средство:** Против ова решение имате право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 18.10.2022 година.

Фонд за иновации и технолошки развој
Директор/Drejtor Festim Halili

Доставено до:

- Подносителот на е-пошта
- АРХИВА на Фонд за иновации и технолошки развој

Изработил/Pergatiti: [redacted]

Проверил/Verifikoi: [redacted]

Одобрил/Miratoi: [redacted]